Туристичка Агенција ``**ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ** `` ул. Луј Пастер Бр:9- Палата Македонија – Скопје
Тел: +389 2 3100 199 / 3100 177
**Лиценца А Рег.Број:13-5859/2**
www.terratravel.com.mk terratravel@terratravel.com.mk

# Берлин-Потсдам





**Авион / 4 дена / 3 ноќевања**

**со вклучен разглед со локален водич**

**за првите 5 лица - ГРАТИС КРСТАРЕЊЕ**

**Можност за плаќање на 4 месечни рати (Ноември,Декември,Јануари,Февруари)**

## 1 ден 08 Март (Петок) СКОПЈЕ – БЕРЛИН

Состанок на групата на аеродромот во Скопје во 04:00h. Авионот за Берлин полетува во 06:00h, слетување во Берлин во 08:35h. Организиран панорамски разглед на градот со локален води, Плоштадот на Републиката, Германскиот Парламент Бундестаг, Авенијата Унтер ден Линден, Брандербуршката Порта, Плоштадот Александершплац со највисоката ТВ кула Фернзетурм, а од тука започнува и најдолгата трговска улица Курфурштендам долга околу 3 километри, црквата Св. Никола, дворецот Шарлотенбург познат по прекрасниот уреден парк, Олимпискиот Стадион, Плоштадот Потсдам, Еврејскиот музеј, легендарниот некогашен граничен премин помеѓу Источниот и Западниот Берлин – наречен Чарли, Берлинскиот ѕид... Сместување во хотел. Прошетка во стариот дел на Берлин, со тесни улички со калдрма и многубројни продавници за сувенири, антикварници, ресторани и традиционални пивници. Во попладневните часови, факултативно крстарење со брод по реката Шпре, со можност да се видат градските атракции од страната на реката. **Ноќевање**

## 2 ден 09 Март (Сабота) БЕРЛИН – МУЗЕЈСКИ ОСТРОВ

**Појадок**.Слободно време за индивидуални прошетки или факултативна посета на Музејскиот остров познат под името "Museumsinsel" на реката"Spree" со 5 музеи. Музеј "Altes", најстарата национална галерија "Alte", Музејот "Bode'', музеј, "Neus", а последниот изграден и можеби најзначаен музеј е "Pergamonmuseum", завршен во 1930 година, кој изложува реконструкции во оригинална големина на монументални антички згради, како што се Пергамонскиот олтар-кој датира од II век пред наша ера, портата Иштар на Вавилон и портата на пазарот во Милет. Овие реконструкции се состојат од оригиналните делови пренесени од местата каде се пронајдени.Вечерта, можност за вкусување на познатите берлински специјалитети, зачинет колбас со кари или познатиот оброк кој го носи името Берлин, црн дроб на Берлински начин, односно похован црн дроб со јаболка и кромид. **Ноќевање**.

## 3 ден 10 Март (Недела) БЕРЛИН- ПОТСДАМ

**Појадок.** Факултативна посета на Потсдам, брандербуршка престолнина, некогашна резиденција на Пруските кралеви и летна резиденција на Фредерик Велики. Гратчето денес изобилува со прекрасни пејзажни убавини, паркови и кралски палати, под заштита на УНЕСКО. Палатата Сансуси е изградена во рококо стил, како пандан на познатиот француски дворец Версај, во обид за тогашниот крал да обезбеди место понастрана од вревата и формалностите на берлинскиот двор, со името кое во превод значи "безгрижен". Убавината ја красат 12 различни гламурозни и тематски различни соби, опкружени со прекрасен парк

кој каскадно се распространува низ дворовите со многубројните фонтани... Враќање во Берлин.Слободно време. **Ноќевање**

**4 ден 11.Март(Понеделник)БЕРЛИН -СКОПЈЕ**
**Појадок ланч пакет.** Напуштање на хотелот и организиран трансфер до аеродромот во Берлин. Авионот за Скопје полетува во 09:10 часот. Пристигнување во Скопје во 11:30 часот.

# За уплата до 10 Декември: 250€ ( 15.500денари)

## ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 270€ ( 16.740 денари)

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

- Авионски превоз на релација Скопје – Берлин – Скопје
- Рачен багаж (1 торба/куфер со димензии 40x30x20см, мах до 10кг)
- Трансфер во Берлин од аеродромот до хотелот и обратно
- Сместување во хотел со 4* на база ноќевање со појадок
- Организиран панорамски разглед на Берлин со локален водич
- Прошетки според програмата со придружник од агенцијата
- Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

- Аеродромски такси 3.900 денари
- Чекиран куфер (1 куфер до 10 кг.) 1.000 мкд.
- Чекиран куфер (1 куфер до 20 кг.) 2.400 мкд.
- Чекиран куфер (1 куфер до 32 кг.) 3.800 мкд.
- Доплата за еднокреветна соба 4.650 денари
- Туристичка такса 3 евра на ден (се плаќа во агенција)
- Факултативна посета на Потсдам со влезница за палата Сансуси 75 евра
- Крстарење со брод 20 евра
- Влезници во локалитетите, карти за локален превоз
- Патничко-здравствено осигурување 250 денари

**Важна напомена:**

- Плаќањето е задолжително во денари по курс 1 Еур=62 Денари.
- **За ова патување потребен е валиден биометриски пасош, валиден мин 120 дена од денот на враќањето**
- Краен рок за откажување на аранжманот од страна на агенцијата 7 дена пред патување
- За резервација задолжителна уплата аванс од 30% од вкупниот износ, целосна доплата 15 дена пред патување
- За реализација на аранжманот потребен е минимум од 25 патници
- За овој аранжман важат општите услови на патување на Терра Травел Скај и СКТМ
- **Можност за плаќање на 4 месечни рати (Ноември,Декември,Јануари,Февруари)**